EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ВТОР ОДДЕЛ

# ОДЛУКА

Апликација бр. 17218/17
Драгица ВАНГЕЛОВА и други
против Северна Македонија

Европскиот суд за човекови права (Втор оддел), заседавајќи на 17 мај 2022 година како Совет составен од:
Branko Lubarda, *Претседател,*
Jovan Ilievski,
Diana Sârcu, *судии,*
and Hasan Bakırcı, *Секретар на оддел,*

Земајќи ги предвид:

апликацијата (бр. 17218/17) против Република Северна Македонија поднесена до Судот според член 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (во понатамошниот текст „Конвенцијата“) на 28 февруари 2017 година од страна на апликантите наведени во приложената табела („апликантите“), кои пред Судот беа застапувани од страна на г-а Х. Штерјова-Симоновиќ, адвокат кој работи во Скопје и Хелсиншкиот комитет за човечки права со седиште во Скопје;

одлуката да се извести Владата на Република Северна Македонија („Владата“), застапувана од страна на нејзиниот Агент, г-а Д. Џонова, за жалбените наводи во врска со член 1 од Протоколот бр. 1 од Конвенцијата и остатокот од апликацијата да се прогласи за недопуштен;

По расправата, го одлучи следното:

## ПРЕДМЕТ НА СЛУЧАЈОТ

1. Апликантите поднесоа жалбени наводи во кои тврдеа дека им биле одземени поседите, прекршувајќи го членот 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата.

2. Апликантите открија дека врз земјиштата кои биле нивна сопственост бил направен општински пат и дека неколку кабли за пренос на струја минувале преку истите, без претходно да биде спроведена било каква постапка за експропријација или надомест. Според нивниот поднесок пред Судот, тие не биле известени за дозволата за градење која била издадена за патот кој требало да минува низ нивното земјиште, ниту пак за договорот склучен помеѓу општината и компанијата за електродистрибуција во врска со преместување на далновод, во согласност со кој би биле поставени електрични кабли преку нивното земјиште. Апликантите поднеле граѓанско тужбено барање според Законот за сопственост против општината во која се наоѓале нивните земјишта и против компанијата за електродистрибуција. Тие побарале домашните судови да утврдат дека спротивставените страни го вознемириле мирното уживање на нивното владение, да ги обврзат спротивставените страни да им го „вратат владението“, да забранат понатамошно смеќавање на нивното владение со тоа што ќе наредат патот и каблите да се отстранат од земјиштето и да им доделат надомест на апликантите за претрпената штета.

3. На 14 декември 2012 година, првостепениот суд Скопје ги одбил барањата на апликантите. На 27 март 2013 година, Апелациониот суд Скопје ја поништил првостепената одлука и утврдил дека природата на главниот жалбен навод на апликантите (дека постоело смеќавање на нивното владение) не дозволувала судовите да одлучат за нивното барање за надоместок во истата постапка. Особено, според член 412 од Законот за парнична постапка, во случаи каде што тужителите тврдат дека имало смеќавање на нивното владение, проценката на судот е ограничена само на „последната состојба на владението“ и на утврдување дали се случило наводното смеќавање. Според оваа законска одредба, во таквите постапки не може да се утврди, меѓу другото, за било какви барања за надоместок. Апелациониот суд Скопје го вратил случајот на првостепениот суд за повторно разгледување. Последователно, апликантите го повлекле барањето за надоместок.

4. Апликантите исто така ја оспориле дозволата за градење на општински пат поднесувајќи управна тужба, која била отфрлена како „неуредна“ со конечната одлука на Вишиот управен суд на 18 декември 2014 година.

5. По повторното разгледување, на 14 октомври 2014 година, првостепениот суд во Скопје утврдил дека патот бил делумно изграден врз земјиштето на апликантите и дека електричните кабли минувале низ дел од земјиштето. Сепак, тој го одбил тужбеното барање, утврдувајќи дека изведбата на патот и поставувањето на каблите биле законски и во согласност со важечката дозвола за градба и важечкиот договор, соодветно. Судот утврдил дека, според член 181(3) од Законот за сопственост, во кој чинот на смеќавање или одземање на владението

бил дозволен со закон или одлука на суд или на друго тело, тоа не се сметало за недозволено смеќавање на тоа владение. Во врска со ова, судот воочил дека оспорувањето на апликантите на дозволата за градење било неуспешно (види параграф 4 погоре) и дека тие не приложиле никаков доказ дека договорот со компанијата за електродистрибуција бил поништен.

6. По жалба од апликантите, на 4 февруари 2016 година Апелациониот суд Скопје со конечна одлука го повторил образложението на првостепениот суд. Тој утврдил дека апликантите навремено дознале за дејствата на спротивставените страни, но не ги употребиле соодветните правни лекови. Особено, апликантите можеле да отпочнат постапка за експропријација со цел да ги оправдаат своите права.

## ПРОЦЕНКА НА СУДОТ

7. Апликантите поднесоа жалбени наводи со кои тврдеа дека им биле одземени поседите, прекршувајќи го членот 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата. Особено, тие прифатиле дека изградбата на патот била од јавен интерес, но аргументирале дека требало соодветно да им биде надоместено смеќавањето на правото на сопственост.

8. Владата аргументираше дека жалбените наводи на апликантите во врска со вознемирувањето на нивното владение не била соодветната правна авенија. Наместо тоа, апликантите требало да побараат надоместок на штетата предизвикана од *de facto* делумната експропријација на нивниот имот. Владата потенцираше дека иако домашното законодавство не го прецизира принципот на „*de facto* експропријација“, домашните судови имале развиено конзистентна судска пракса. Тие обезбедиле примери од релевантни случаи кои претходеле и следеле на постапката во случајот на апликантите. Владата аргументираше дека околности како тие во разгледуваниот случај, во кој спротивставените страни, без да отпочнат постапка за експропријација, на сопствениците им одзеле дел од земјиштето на начин на кој сопствениците веќе не можеле да го употребуваат тој дел за сопствени потреби, претставуваат *de facto* експропријација, за која на сопствениците им следувала одредена сума како надоместок.

9. Судот повторува дека според членот 35 § 1 од Конвенцијата, тој може да разгледува апликација само откако ќе се исцрпат ефективните домашни правни лекови. Општите принципи во врска со исцрпувањето на домашните правни лекови се сумирани во *Gherghina v. Romania* ((dec.) [GC], бр. 42219/07, §§ 83-89, 9 јули 2015, со понатамошни референци).

10. Осврнувајќи се на околностите во разгледуваниот случај, Судот воочува дека, во повторената постапка, апликантите главно побарале од судовите да утврдат дека постоело вознемирување на мирното уживање на нивното право на владение врз земјиштата. Со оглед на ограничената природа на таквото барање според домашното право и прашањата за кои може да се одлучи при негово разгледување (види параграф 3 погоре), Судот смета дека овој правен лек ниту давал можност да ја спречи или брзо да ја прекине наводната повреда, ниту

овозможувал соодветен надомест за каква и да е настаната повреда, услови кои Судот бара да бидат исполнети со цел правниот лек да се смета за „ефективен“ за потребите на членот 35 § 1 од Конвенцијата (види *Gherghina*, цитиран горе, § 91, со понатамошни референци).

11. Понатаму, домашните судови утврдиле дека изградбата на патот и поставувањето на електричните кабли на земјиштето на апликантите биле законски (види параграф 5 погоре). Додатно, апликантите самите прифатиле дека изградбата на патот била од јавен интерес (види параграф 7 погоре). Во вакви околности, Судот смета дека правниот лек за надомест наа штета ќе им обезбедел соодветно надоместување на апликантите за смеќавањето на нивното право на сопственост. Според ова, апликантите можеле, како што тоа го посочил домашниот суд (види параграф 6 погоре) и како што аргументирала Владата (види параграф 8 погоре), да отпочнат постапка за надомест на штета која ја претрпеле како резултат на *de facto* експропријација. Во светло на домашната судска пракса приложена од Владата, Судот потврдува дека отпочнувањето на таква постапка ќе претставувало ефективен правен лек во нивната ситуација, во согласност со член 35 § 1 од Конвенцијата. Сепак, откако апликантите го повлекле нивното почетно барање за надомест (види параграф 3 погоре), тие не отпочнале други постапки за барање надомест. Апликантите не поднеле никаков доказ дека овој лек бил од некоја причина несоодветен или неефективен во особените околности на случајот, ниту пак дека постоеле посебни околности кои ги изземале од обврската истиот да го искористат (види *Vučković and Others v. Serbia* (прелиминарен приговор) [GC], бр. 17153/11 и 29 други, § 77, 25 март 2014).

12. Заклучно, Судот смета дека апликантите не им дале можност на државните судови да ги спречат или исправат повредите на Конвенцијата преку сопствениот правосуден систем (види *Gherghina*, цитиран погоре, §115). Според тоа, приговорот на Владата за неискористување на домашните правни лекови мора да се уважи.

13. Следува дека апликацијата мора да се отфрли по основа на недопуштеност според членовите 35 §§ 1 и 4 *in fine* од Конвенцијата.

Од овие причини, Судот, едногласно,

*Ја прогласува* апликацијата за недопуштена.

Изготвено на англиски и објавено во писмена форма на 9 јуни 2022 година.

Hasan Bakırcı
Секретар

Branko Lubarda
Претседател

# Прилог

Список на апликантите

| Бр. | Име на апликантот | Година на раѓање/регистрација | Државјанство | Место на живеење |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Драгица ВАНГЕЛОВА | 1937 | Македонско /државјанин на Република Северна Македонија | Скопје |
| 2. | Наташа БРЕЗОВСКА-ВУЧКОВСКА | 1978 | | Скопје |
| 3. | Дејан БРЕЗОВСКИ | 1976 | | Скопје |
| 4. | Павле БРЕЗОВСКИ | 1944 | | Скопје |